Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/21 и бр. 74/24), член 124 став 7 и член 125 став 3 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22 и бр. 64/24), а во врска со член 79 и 80 од Законот за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување на Одлуката за**
**утврдување на барањата за засилена автентикација**
**и**
**општи, сигурни и отворени стандарди за комуникација**

1. Во Одлуката за утврдување на барањата за засилена автентикација и општи, сигурни и отворени стандарди за комуникација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/23), точката 67 се менува и гласи:

„Давателите на платежните услуги кои до 31 декември 2022 година не воспоставиле засилена автентикација на клиент кога плаќачот иницира електронска платежна трансакција, се должни да ја воспостават, најдоцна до 1 октомври 2024 година.

По исклучок од ставот 1 на оваа точка, во случај кога плаќачот иницира електронска платежна трансакција заснована на картичка на местата на продажба на далечина, давателите на платежните услуги се должни да воспостават засилена автентикација на клиент, најдоцна до 1 март 2026 година.

Давателите на платежните услуги коишто не го усогласиле своето работење со барањата од глава VI на оваа одлука се должни да го усогласат своето работење со барањата од глава VI на оваа одлука најдоцна до 1 март 2026 година.

До усогласување на работењето на давателите на платежните услуги со зададениот рок од став 3 на оваа точка, давателите на платежните услуги коишто ги одржуваат платежните сметки се должни:

- да обезбедат техничка платформа и поддршка, заради тестирање на поврзувањето и функционалностите на интерфејсот, во согласност со точка 40 од оваа одлука и потврда на усогласеноста со законските барања во однос на дизајнот на наменскиот интерфејс и збирните резултати од тестирањето, во согласност со насоките од Анексот бр. 6, во прилог на оваа одлука, најмалку пет месеци пред датумот на усогласувањето од ставот 3 на оваа точка;
- да достават извештај дека наменскиот интерфејс не создава попречување при обезбедувањето на услугите за иницирање плаќања и услуги за давање информации за платежните сметки, најмалку два месеца пред датумот на усогласување на своето работење од ставот 3 на оваа точка;

– да доставаат збирен извештај од резултатите од спроведеното стрес-тестирање на отпорноста, како и информација за начините со кои се надминати утврдените слабости, најмалку еден месец пред датумот на усогласување на своето работење од ставот 3 на оваа точка.“

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 02-23460/**
**26 јуни 2024 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**